Отворено писмо до:

Влада на Република Македонија

Скопје, 9 јуни 2006 година

Почитувани,

Република Македонија се наоѓа во екот на правосудните и полициските реформи. Во таа насока се усвоени амандманите за измена на Уставот на Република Македонија, измените и дополнувањата на повеќе постојни закони, а донесени се и голем број нови закони. Со ова само делумно се создадени услови за поефикасна борба против облиците на организиран криминал, бидејќи дел од релевантните закони сѐ уште не се усвоени.

Ова пред сѐ се однесува на **Законот за полиција** чиј текст е подготвен, но останува нејасно зошто се одлага расправата по него и целата постапка за негово донесување. Напоменуваме дека на концептот на полициската реформа се работи веќе три години и дека тој концепт поставува основа за креирање на ефикасна, стручна и модерна полиција која е на линијата на мултиетничкото општество и демократската правна држава.

Истакнуваме и дека овој предлог на законот ја доби потребната поддршка од Европската Унија и од другите релевантни меѓународни институции. Поради тоа, сметаме дека не е оправдано да се одлага постапката за негово усвојување поради притисокот за прифаќање на други критериуми кои не одговараат на смислата и функционалноста на законскиот концепт.

Укажуваме и на тоа дека овој закон не смее да биде предмет на политички договарања, што ги запоставуваат универзалните стандарди и стручните критериуми.

Со почит,

За експертската група
при проектот на ФИООМ
”Борба против организиран криминал”
Раководител,

акад. проф. д-р Владо Камбовски

За Фондација
Институт отворено
општество - Македонија
Извршен директор,

Владимир Милчин